# ЗАПИСНИК

## од Втората седница на Управен одбор на ЗЕЛС

Струга, 01 декември, 2017 г.

**ЗАПИСНИК**

од 2-ва седница на Управен одбор на ЗЕЛС

Скопје, 1 декември, 2017 г.

**Присутни**: **Петре Шилегов**, претседател на ЗЕЛС и градоначалник на Град Скопје, **Висар Ганиу,** градоначалник на општина Чаир и потпретседател на ЗЕЛС, **Максим Димитриевски,** градоначалник на општина Куманово, **Теута Арифи,** градоначалник на општина Тетово, **Аљбон Џемаили**, градоначалник на општина Боговиње, **Ивица Тошевски**, градоначалник на општина Ранковце, **Благој Бочварски**, градоначалник на општина Штип, **Жика Стојановски**, градоначалник на општина Илинден, **Наташа Петровска,** градоначалник на општина Битола, **Аце Коцевски**, градоначалник на општина Велес, **Медат Куртовски**, градоначалник на општина Маврово-Ростуше, **Коста Јаневски**, градоначелник на општина Струмица, **Миликије Халими**, градоначалник на општина Арачиново, **Саша Богдановиќ**, градоначалник на општина Центар, **Сашо Поцков,** градоначалник на општина Гевгелија,

На седницата присуствуваше и Градоначалникот на Прилеп, **Илија Јовановски**, во својство на претседател на Надзорниот Одбор на ЗЕЛС.

Членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС го усвоија и расправаа по следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на План за јавни набавки на ЗЕЛС, за 2018 година;
2. Разно;

ПРВА ТОЧКА: предложениот План за јавни набавки за 2018 година, беше едногласно усвоен.

**Odлука:** Членовите на Управниот одбор едногласно го усвоија Планот за јавни набавки за 2018 година.

ВТОРА ТОЧКА: Разно

Бидејќи предходните два дена, како и на состанокот со Премиерот Зоран Заев, детално се разгледани голм дел на општински проблеми, претседателот Шилегов рече да не се

повторуваме и остави на службите на ЗЕЛС да го сублимираат кажаното и да изготват еден документ.

Следната дискусија ја започна градоначалникот на Куманово, Максим Димитриевски, кој побара на сите членови на Управниот Одбор да им се испратат списоците со долгови на општините кон ЗЕЛС, на име на членарина и рече дека е време да се подмират долговите. Тој прв побара да му се направи договор за отплата на заостанатиот долг на 48 рати.

**Струга, 1 декември, 2017 г.** **Составил,**

**Стручната служба на ЗЕЛС**